Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од обласата на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 88

**Р Е Ф Е Р А Т ***
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на својата редовна седница, одржана на 15.12.2008 година, со Решение број 0210-1593/3-2 од 15.12.2008 година, избра Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Борис Крстев, редовен професор (претседател),
– проф. д-р Тодор Делипетров, редовен професор (член),
– проф. д-р Јордан Живановиќ, вонреден професор (член),

за избор на наставник од областа на *технолошко-техничките науки.*

Согласно со Законот на високото образование („Сл. весник на РМ“ 64/00 и 51/07), како и со актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен на 27.11.2008 година во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, за избор на наставник од областа на технолошко-техничките науки се пријави само кандидатот д-р Крсто Блажев.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Крсто Блажев** е роден на 18 септември 1953 година во Чешиново. Основно образование завршува во Кочани, а средно образование - средно рударско-геолошко - завршува во Пробиштип. Се запишува на Универзитетот во Белград (Србија), на Рударско-геолошки факултет, Оддел за геологија, каде дипломира на Катедрата за неметални минерални суровини.

По дипломирањето се вработува во РИН „Опалит“ - Чешиново, а во моментов е во редовен работен однос во „Неметали“ - Чешиново, произлезена од дезинтегрираната матична организација РИН „Опалит“ - Чешиново, која експлоатира и преработува повеќе видови на неметални минерални суровини.

Во учебната 1981/82 година, кандидатот д-р Крсто Блажев е примен како стручен соработник на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, за група предмети од областа на *општата геологија*. Во учебната 1992 година, по успешно одбранетата докторска дисертација, тој е избран за доцент на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, каде изведува настава по предметите: Истражно дупчење, Карти и геоморфологија, Геодинамика и Минерагенија на неметални минерални суровини.

Во 2003 година е избран за насловен вонреден професор на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, по предметот *Принципи во геологијата*, каде што континуирано ја изведува наставата, до денес.

Во делот на стручната и научната дејност објавува повеќе стручни и научни трудови, како и скрипта и учебник по предметот *Принципи во геологијата.*

Во ангажманот на педагошката активност учествува како ментор или член на комисии на повеќе од 20 дипломски работи, пет магистратури и три докторски дисертации.

---
*

***Список на стручни и научни трудови***

1. Генетски карактеристики на лежиштето за опалска бреча „Спанчево“ (1979 г., стручен фонд на „Опалит“).
2. Извештај за рударско-геолошките истражни работи на дел од лежиштето „Лакавица“ (1980 г., Совет за рударство – Скопје).
3. Извештај за појавите на опализирани и каолинизирани туфови кај с. Рајчани (1980 г., стручен фонд на „Опалит“).
4. Извештај за рудните резерви на бел опализиран туф „Стрмош“ (1981 г., Стручен фонд на „Опалит“).
5. Инженерско-геолошки карактеристики во локалноста „Сењак 4“ - Штип (д-р М. Арсовски, К. Блажев 1981 г., РГФ – Штип).
6. Извештај за рударско-геолошките истражни работи на кварцното лежиште „Русиново“ – Берово (1982 г., Совет за рударство – Скопје).
7. Инженерско-геолошки карактеристики на локалноста „Дузлак“ – Штип (1982 г., д-р М. Арсовски, К. Блажев, РГФ – Штип)
8. Извештај за геолошките карактеристики и пресметка на рудните резерви на лежиштето „Пресека“ – Синковица (1982 г., Стручен фонд на „Опалит“).
9. Извештај за извршените детални геолошки-истражни работи и пресметка на рудните резерви на лежиштето за опалска бреча „Спанчево II“ (1983 г., Совет за рударство – Скопје).
10. Инженерско-геолошки карактеристики на локалноста „Баби 5“ - Штип (1984 г., д-р М. Арсовски, К. Блажев, РГФ – Штип).
11. Тектонска положба на термоминералните извори во кочанската депресија (1984 г., д-р М. Арсовски, К. Блажев, конгрес – Будва).
12. Инженерско-геолошки карактеристики на локалноста „Блок 85“ - Штип (1985 г., д-р М. Арсовски, К. Блажев, РГФ – Штип).
13. Геологија на лежиштето на кварцни песочници „Пржани – Синковица“ (1987 г., Геологика Македонија).
14. Процесите на опализација на неогениот вулканизам во Македонија (1990 г., Геолошки конгрес, Охрид).
15. Минерагенија на силициските суровини на Македонија и нивно економско значење (1992 г., докторска дисертација).
16. Моно-дисконтинуитетот во корелација со некои геофизички параметри (Т. Делипетров, 1996 г., советување, Белград).
17. Општа геологија (1997 г. – скрипта).

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатот ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ+СУ+САОР):

- наставно-образовна (НО) = 52
- научноистражувачка (НИ) = 13
- стручно-апликативна (СУ)= 0
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 18 или
- вкупна актива (НО+НИ+САОР=52+13+18 =83 поени).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и од покажаните резултати во наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и апликативната дејност, Комисијата констатира дека се евидентни резултатите на кандидатот д-р Крсто Блажев.

Според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член 17, кандидатот д-р Крсто Блажев ги исполнува критериумите за избор во наставничко звање. Тој покажува способност за наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организационо-развојна активност (САОР), при што може да се констатира дека го надминува потребниот квантум (75 поени) да биде избран во наставничко звање, односно НО+НИ+САОР=83 поени.

Рецензентската комисија има чест да предложи кандидатот **д-р Крсто Блажев да биде избран во наставничко звање - доцент во областа на технолошко-техничките науки.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Борис Крстев, редовен професор,претседател, с.р.**

**Д-р Тодор Делипетров, редовен професор, член, с.р.**

**Д-р Јордан Живановиќ, вонреден професор, член, с.р.**